Општина Штип

Врз основа на Член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015,193/15,31,15 и 163/16), Градоначалникот на Општина Штип го донесува следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица на територија на Општина Штип дека се распишува : **Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

Јавниот повик се распишува согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015,193/15 ,31/16 и 163/16),во третиот квартал од 2016 .

- **Во период од 31 ден**, сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од Членот 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае** од 01.12.2016 г. до 31.12.2016 г. - 31 ден, сметано од објавата во дневно гласило.
- Јавниот повик ќе биде **објавен** на интернет страната на Општина Штип, на огласна табла во општината,во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службено гласило на општината.
- **Заинтересираните правни и физички лица** иницијативите да ги доставаат во писмена форма преку архивата на Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Штип или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок.
- За сите **прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативи.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2016г.
- Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да се обезбедат од подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 09- 9147/1**
**01.12.2016 г.**

**Градоначалник на Општина Штип**

**Прим.м-р Илчо Захариев**

Штип